ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **04.11.2019 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**,Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи ,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** ,Раководител на општи и правни работи **Јаготка Николовска**,Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**,Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на Одделение за урбанизам ,сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска ,**Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум, при што беа донесени следните заклучоци:

Известување до сите Раководители секој четврток да бидат присутни во Голема сала при општина Крива Паланка како Отворен ден со граѓаните од 11-13 часот,при отсуство на раководителот да биде присутен претставник од одделението.Исто така да се внимава околу другите закажувања за салата да не се поклопуваат термините.

За наредна година по усвојувањето на Извештајот за работа да се започне со изготвување на Програмата за која треба да се посвети поголемо внимание од страна на подготвувачите исто така како задолжение до Секретарот и Раководителот на сектор да биде проверено од нивна страна.

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Присуство на состанок во Министерство за животна средина на ден 08.11.2019 година

**Одделение за финансиски прашања**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Известување од страна на Раководителот околу зимското одржување за работен состанок со други надлежни органи на ден 08.11.2019.година

-Извршен е увид од страна на стручни лица за водовод во с.Мождивњак од општина Крива Паланка и ЈП Комуналец и е констатирано дека зафатот и резервоарот се во приватна сопственост и затоа е потребно да се повикаат сопствениците на парцелите.

-Во координација со Одделение за Урбанизам да се спремат сите потребни документи и на ден 08.11.2019.година околу 13-14 часот да се повикаат сопствениците на парцели каде делумно зафаќа потпорен ѕид на улица Баглачка за да биде дадено образложение.

Во соработка со ЈП Комуналец да се обезбеди техничка документација за приклучок на канализациона мрежа на неколку куќи на улица Баглачка (механизација и работна рака од ЈП Комуналец додека материјал од општина Крива Паланка)

-Во текот на денот да се провери околу средствата за санација и чистење на речното корито и во текот на неделата да се направи координација со ЈП Комуналец околу реализација на истото.

-На странките на кои барањето им е одговорено позитивно да се направи напор за негова реализација ,додека на негативните да им биде доставен одговор за да бидат запознаени.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

-Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Во текот на денот да се доставаат податоци до Секретарот за крак на 8 ми Септември и да се изготви Барање за пренамена на дел од парцела за пренамена на земјиште кое ќе треба да биде доставено до Министерство за земјоделие.

Да се продолжи околу сите активности да не се чека да поминат роковите ,ако има потреба да се потражи мислење од ЕВН да се изјаснат за да може да се даде одобрение.

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Писмена ургенција во врска со дописот пратен до УЈП И Министерство за образование и наука во врска со Тураничка зграда и касарна

-Денес околу 14 30 часот да се направи краток состанок во координација со Секретар и Раководител на сектор во врска со изготвување на документ за функционална анализа

-Да се најде Правилник и Одлука околу користење на сигурносните копии и истото треба да биде разгледано

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности и проблеми

**ЈП Комуналец**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

--ЈП Комуналец да обезбеди механизација и работна рака за санација на приклучок за канализација кај Станимир Ѓорѓиевски во (спротивска мала)на калдрма.Општината до колку е потребно да обезбеди потребен материјал

-Да се прошири опфат на корисници на комунални услуги

-Тротоарите на улица 8 ми Октомври по завршените активности да бидат средени.

-Да се провери дали има донесено Решение за комисија за примопредавање на водовод во с.Мождивњак во сопственост на ЈП Комуналец.

- Во текот на денот од страна на комуналното одделение да се провери околу средствата кои ќе бидат потребни за санација и чистење на речното корито и во текот на неделата да се направи реализација на истото

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

Сите сугестии и забелешки кои се дадени за однос на Програмите да бидат разгледани од страна на комисиите и да бидат изменети истите.

Присуство на Раководителите и по еден претставник од одделение на презентација на мониторинг извештај од страна на општина Крива Паланка и невладина организација Инфо центар за Транспарентноста на локалната самоуправа денес во 12 часот во Големата сала при општина Крива Паланка.

Денес околу 14часот состанок на комисијата за Градежно земјиште

**04.11.2019 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**